НОВА МАКЕДОНИЈА Комерцијален оглас

POPOVA KULA WINERY

**П О В И К**

За учество на редовно годишно собрание на акционери на

Винарска Визба Попова Кула АД Демир Капија, Булевар на виното бр. 1, Демир Капија

што ќе се одржи на 07.06.2017 година (среда), со почеток во 10.00 часот во градски зид блок 13 Скопје, простории на Македонија Сообраќај АД Скопје, сала за состаноци со следниот

**Д Н Е В Е Н Р Е Д**

**I. Процедурален дел**

1. Отворање на собранието
2. Избор на работни тела:
- Избор на претседавач на собранието на друштвото
- Избор на записничар и двајца заверувачи на Записникот
3. Избор на верификациона комисија
4. Верификација на список на присутни акционери / полномошници и утврдување на кворум за работа и одлучување
5.Утврдување на дневен ред од работен дел

**II. Работен дел**

1. Усвојување на записникот од собранието на акционери на Винарска Визба Попова Кула АД Демир Капија одржано на 09.06.2016 година
- Предлог-Одлука за усвојување
2. Разгледување на годишен извештај за работењето на друштвото во 2016 година
- Предлог-Одлука за усвојување
3. Разгледување на годишна сметка за 2016 година и на ревидирани финансиски извештаи на друштвото за 2016 година
- Предлог-Одлука за усвојување на годишна сметка
- Предлог – Одлука за усвојување на ревидирани финансиски извештаи
4. Разгледување на консолидирана годишна сметка за 2016 година и на ревидирани консолидирани финансиски извештаи на друштвото за 2016 година
-Предлог-Одлука за усвојување на консолидирана годишна сметка
- Предлог – Одлука за усвојување на ревидирани консолидирани финансиски извештаи
5 Распределба на добивка на друштвото за 2016 година
- Предлог-Одлука за распределба на добивка
6. Извештај за работата на одборот на директори за 2016 година
- Предлог-Одлука за одобрување на работата на Одборот на директори
7. Назначување на овластен ревизор на финансиските извештаи на друштвото за 2017 година
- Предлог-Одлука за назначување на овластен ревизор
8. Нова емисија на обични акции
- Предлог - Одлука за нова емисија на обични акции во вредност од 800.000 Eур
9. Емисија на корпоративна хипотекарна обврзница
- Предлог - Одлука за емисија на корпоративна хипотекарна обврзница во вредност од 650.000 Eур

Гласањето на собранието ќе се врши во согласност со Статутот и Законот за трговски друштва.

Секој акционер кој има намера да учествува на собранието на друштвото е должен да го пријави своето учество најдоцна пред почетокот на собранието и пријавата да ја достави до друштвото.

Секој акционер може да овласти свој полномошник на собранието преку издавање на пишано полномошно заверено на нотар или преку издавање на пишано полномошно со истовремено известување до акционерското друштво за даденото полномошно, а во согласност со член 392 и 392-б од Законот за трговски друштва. Известувањето за дадено полномошно може да биде и по електронски пат на адреса: contact@popovakula.com.mk. Полномошниците гласаат на ист начин како и акционерите.

Краен рок за предлагање на точки на дневен ред е до гласањето за утврдување на дневниот ред. Собранието ќе расправа и одлучува само за точки кои се уредно ставени на дневниот ред, а во согласност со статутот на друштвото и член 390 од законот за трговски друштва.

Краен рок за предлагање на одлуки е до моментот на гласање по дадената точка од дневниот ред. Краен рок за поставување на прашања е до моментот на гласање по дадена точка од дневниот ред.

Материјалите за собранието на друштвото се достапни на акционерите од денот на објавувањето на овој повик, секој работен ден во просториите на Винарска Визба Попова Кула АД Демир Капија, но и во електронска верзија на нашата веб страна www.popovakula.com.mk во македонскиот дел од страната во делот насловен “За инвеститори” каде има и подетални информации за начинот на предлагање на точки од дневен ред, поставување на прашања и предлагање одлуки.

Одбор на директори

Винарска Визба Попова Кула АД Демир Капија

www.popovakula.com.mk